SAVA
OSIGURUVANJE

**КЛАУЗУЛА ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ ОД ПАНДЕМИИ**

(1) Овој договор не ги опфаќа штетите предизвикани од пандемија кои произлегуваат од:

1) било каков вистински, наводен страв или закана од вирус, вклучително но не ограничувајќи се на болести кои произлегуваат од каков било вид на вирус, како и непознати вируси и каква било мутација или варијација на вирус и/или
2) какво било преземено делување или неуспех да се преземе делување за контролирање, спречување, потиснување на ширењето или на било каков начин реагирање на таков вистински, наводен страв или закана од вирус, за следните класи на бизнис:
    1. Општа одговорност кон трети лица
    2. Одговорност на работодавецот
    3. Еколошка штета поради загадување на околината
    4. Одговорност од производ
    5. Проширена одговорност од производ
    6. Повлекување на производ
    7. Професионална одговорност,

   но само во однос на следниве ризици:
    1. угостителска индустрија, односно услуги за сместување, храна и пијалоци, вклучително и јавни настани и тематски паркови;
    2. даватели на здравствени услуги, освен кога таквото покритие е потребно според Законот за здравствена заштита во Северна Македонија;
    3. агенции за крстарења и патувања.

(2) Во смисла на ова исклучување, Пандемијата ќе се дефинира како широко распространета епидемија на болест прогласена од Светската здравствена организација или кое било слично овластено национален или меѓународен орган.